Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 32//0306
21.02 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 13.02.2025 година, врз основа на примена жалба од **Данела Арсовска** – Градоначалничка на Град Скопје, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА СО МЕДИЈАЦИЈА**

## ЖАЛБА

Жалителката Данела Арсовска до Извршната канцеларија на СЕММ, на 30.01.2025 г. упати жалба за медиумот „Фактор.мк“ (faktor.mk), за текст со наслов **„ГРАД СКОПЈЕ РАСПОЛАГА СО ДРОН ЗА СЛЕДЕЊЕ ДИВИ ДЕПОНИИ И ПОЖАРИ“: поранешниот советник Мухамеди тврди 'на градоначалничката не ѝ беше интересно’,** објавен на 30.01.2025 г., а поврзан со решавање на проблемот со дивите депонии во Скопје, со оценка дека медиумот го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија.

Жалителката, преку овластен адвокат, појаснила дека во текстот се пренесени невистинити тврдења кои предизвикуваат штета на честа и угледот на Градоначалникот на Град Скопје. Поконкретно, во жалбата се наведува дека медиумот пренел ставови објавени на фејсбук профил на поранешен советник на градоначалничката, а притоа не ги проверил изнесените ставови со втората страна. Воедно, во жалбата е наведено дека до медиумот е испратен и демант, кој не бил објавен.

Во прилог на жалбата се наведени линкови до текстот, демантот и компјутерска снимка (скриншот) од објавата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителката и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од „Фактор.мк“ во кој се дава појаснување зошто не бил веднаш објавен демантот, дека во меѓувреме го објавиле и дека се согласни жалбата да се реши со процес на медијација. Притоа е наведен и линкот од кој се гледа дека демантот е објавен.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби одлучи постапката по оваа жалба да заврши по пат на медијација, со оглед дека медиумот веднаш реагирал и ја исправил грешката со необјавениот демант, како и поради тоа што и подносителот на жалбата и медиумот се согласија случајот да се затвори на овој начин.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа оспорениот текст, аргументите наведени од страна на подносителот на жалбата, како и одговорот на медиумот.

Притоа, Комисијата го разгледа извештајот од медијацијата која беше спроведена на 04.02.2025 од страна на претседателката на Комисијата Снежана Трпевска, при што е разговарано со главната уредничка на „Фактор.мк“ Нина Нинеска-Фидановска и со овластениот адвокат Трајче Арсов, застапник на жалителката Арсовска.

Во однос на наводите на жалителот, за тоа дека во објавениот текст не е застапено гледиштето и на другата страна, односно не е објавен демантот со одговорот на градоначалничката на пренесените изјави во текстот, Нинеска-Фидановска објасни дека станува збор за ненамерен превид и дека Фактор.мк е портал кој редовно објавува деманти на својата веб страница. Затоа, веднаш по добивањето на дописот од СЕММ, тие го објавиле демантот добиен од правниот застапник на градоначалничката Арсовска.

Во однос на балансирано известување заеднички беше заклучено дека за да се почитува правилото за застапеност и на другата страна, редакцијата би требало и самата да побара одговор од институцијата или носителот на јавна функција. Доколку тој одговор задоцни, медиумот може да го објави веднаш под првата објавена вест. Во таа смисла, Нинеска-Фидановска се согласи дека редакцијата на порталот ќе вложи максимални напори да го почитува ова правило.

На застапникот на жалителката Арсовска, адвокатот Арсов, му беа појаснети детали од разговорот и ставовите на главната уредничка на медиумот. Меѓутоа, на Арсов му беше пренесен и ставот на Комисијата за жалби за тоа дека Град Скопје како институција и градоначалничката Арсовска треба да бидат максимално транспарентни кон новинарите, односно да одговараат на нивните барања за информации. Застапникот на градоначалничката се согласи да ги пренесе ставовите на медијаторот и на медиумот, а по консултациите Комисијата преку медијаторот беше известена дека и Арсовска се согласила случајот да заврши со медијација.

Комисијата ја поздрави таквата одлука на двете страни, потсетувајќи дека токму тоа е основната цел на саморегулацијата - медиумите самите да ги исправат грешките веднаш по нивното воочување, а преставниците на институциите да бидат отворени за брз одговор на прашањата од медиумите и да се воздржуваат од закани за тужби. Саморегулацијата е најдобриот начин за изградба на довербата на граѓаните кон медиумите, а медиумите на тој начин се ослободуваат од натамошни сложени процедури кои се надвор од механизмите на саморегулацијата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Жана Божиновска, Тамара Чаусидис и Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска


Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595